***Меѓународна литературна манифестација***
***„Средби под јаворите-Видое Подгорец„***

На 21 Меѓународна литературна манифестација "Средби под јаворите-Видое Подгорец", кои традиционално се одржуваат во Колешино, родното место на Подгорец, ученикот Борјан Ѓорчески, ученик во четврто одделение во подрачното училиште во с. Кадино Село, под менторство на одделенскиот наставник Маја Бунтеска, ја освои првата награда. Борјан твореше на тема "Што е росата?".

На литературната манифестација која се одржа во дворот на основното училиште "Видое Подгорец" за животот и делото на овој великан говореше и писателот Киро Донев, кој раскажа за своите другарски денови поминати со Подгорец. Ученици од Македонија но и надвор од неа ги читаа своите литературни творби кои беа напишани инспирирани од творештвото на Подгорец. Инаку Борјан е по втор пат на оваа манифестација а минатата година ја освои втората награда.

Се надеваме дека следната година и други ученици од нашето училиште ќе бидат дел од оваа прекрасна манифестација.







ЛИТЕРАТУРНА
МАНИФЕСТАЦИЈА
"Видое Подгорец"
1945






Општинско основно училиште
ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ
Колешино


Општинско основно училиште


ЛИТЕРАТУРНА
МАНИФЕСТАЦИЈА



